Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 89/0306
30.04 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 21.03.2024 година, врз основа на примена жалба од Здружение за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ го донесе следното:

# МИСЛЕЊЕ

## ЖАЛБАТА Е РЕШЕНА ПО ПАТ НА МЕДИЈАЦИЈА

**Комисијата одлучи дека жалбата на Здружение за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ за текстот насловен „Пејачот Филари на српскиот Избор за Песна на Евровизија настапи во бел контроверзен фустан, креација на тетовецот Златко Јовановски“, објавен во порталот Вечер прес, е решена по пат на медијација.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 28.02.2024 година Здружение за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ поднесе жалба за текстот со наслов „Пејачот Филари на српскиот Избор за Песна на Евровизија настапи во бел контроверзен фустан, креација на тетовецот Златко Јовановски“, објавен, а потоа повлечен во Вечер прес.

Во жалбата се наведува дека текстот го прекршил членот 3 од Кодексот на новинарите. Според жалителот, порталот Вечер прес објавил текст, чија реобјава на Фејсбук страницата на медиумот предизвикала коментари со изразен говор на омраза. Жалителот констатира дека: „според она што може да се види на Фејсбук објавата на медиумот, коментарите со говор на омраза воопшто не се модерирани од администраторите на редакцијата“.

Понатаму, жалителот истакнува дека „Насоките поврзани со говор на омраза се содржани во Насоките за етичко известување во онлајн медиумите“, според кои „онлајн медиумот е одговорен и за содржината на објавените коментари од своите читатели, објавени на веб-страницата на онлајн медиумот во просторот за коментари, под новинарските содржини“.

## ОДГОВОР ОД МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Вечер Прес“ и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Медиумот и жалителот се согласија предметот да се реши со медијација, односно со бришење на коментарите по објавата.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, СнежанаТрпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595